**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МАНИФЕСТАЦИЈА**
**„СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“**
**СТРУГА**


Република Северна Македонија Национална установа
Манифестација СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional
Manifestimi MBREMJET STRUGANE TË POEZISË
Бр.Nr. 01-1701/1
04.08 2020 год.viet
Струга-Strugë


# П Р А В И Л Н И К

***за внатрешна организација на Националната установа - Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ – Струга***

Јули 2020 година

Врз основа на чл.17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20) и член 36 став 1 точка 5 од Законот за културата („Сл. весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), директорот донесе

# П Р А В И Л Н И К

***за внатрешна организација на Националната установа - Манифестација „Струшки вечери на поезијата“- Струга***

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува внатрешната организација на Националната установа - Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ - Струга (во натамошниот текст - НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ - Струга), видот и бројот на организациските единици, делокругот на работа на организациските единици, начините и формите на раководење и графички приказ на внатрешната организација на националната установа.

Воведување на нови организациони единици односно укинување на постојните се врши согласно закон и во законски утврдена процедура.

Воведувањето на нови работни места односно укинување на постојните работни места во организационите единици, се врши согласно закон и во законски утврдена процедура.

**Член 2**

Внатрешната организација на националната установата се утврдува, врз основа на законските прописи и општите акти кои се во употреба во Република Северна Македонија.

**Член 3**

Називите на одделениета произлегуваат од дејноста односно се определуваат врз основа на обемот, тежината и сложеноста на работните должности, во согласност со Законот за култура, Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и други прописи.

**Член 4**

Работните места во одделенијата, утврдени со овој Правилник се пополнуваат со вработени кои ги исполнуваат општите и посебните законски услови за вршење на соодветните работи и работни задачи, на начин и постапка предвидени со одредбите од Законот за култура, Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи и други прописи.

## II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

## (ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА)

**Член 5**

Во националната установа како установа од областа на културата се формираат следните одделенија:

**I.** *Одделение за административни работи и човечки ресурси;*

**II.** *Одделение за издавачка дејност;*

**Ш.** *Одделение за меѓународна дејност;*

IV. *Одделение за сценско-техничка реализација.*

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

### I. Одделение за административни работи и човечки ресурси

**Член 6**

Одделението за административни работи и човечки ресурси ги врши следните работи и задачи:

- Вршење административни работи од надлежност на организационата единица;
- Следење и применување на прописите, вклучувајќи ги меѓународните договори на кои Република Северна Македонија им пристапила или ги ратификувала;
- Вршење најсложени стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, информатички, кадровски, материјални, финансиски, промотивно-информативни и други работи од административна природа;
- Подготвување материјали и документи кои содржат: предлози на нацрти на законски и подзаконски акти и други прописи и акти, стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива, стручни анализи,информации и други материјали за работни тела, предлози за планот за работа на организационата единица и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа;
- Вршење и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на установата;

### II. Одделение за издавачка дејност

**Член 7**

Издавачката дејност на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата"е од особена важност во остварувањето на својата дејност и целите и задачите заради која е основана - промоција и афирмација на книжевните вредности преку изданијата на установата, со што на македонската книжевна јавност ќе и бидат приопштени автори чие творештво стои во врвот на светската книжевност по книжевно-естетските дострели.

НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата" преку издавачката дејност дава забележителен придонес во збогатувањето на македонската книжевност и јазик преку објавувањето на поетски избори од лауреатите на наградите, избори од поетското творештво на значајни современи светски поети, антологии на одделни национални книжевности, антологии на македонската поезија, тематски и други антологии, монографии, резултати од проекти и зборници од научни собири, фототипски и јубилејни изданија, потоа заеднички изданија со други институции и издавачи, изданија од свечени собири и периодични изданија, списанија и електронско издаваштво.

Одделението за издавачка дејност врши задачи поврзани со планирањето на издавачката дејност, незјината реализација и промотивни активности поврзани со неа. Учествува во планирањето на годишната програма на фестивалот и сите други настани и активности. Одделението за издавачка дејност врши работи поврзани со реализација на уметничката програма во делот на подготовка и презентација на уметничкото творештво на учесниците и други активности поврзани со дејноста на инситуцијата.

### Ш.Одделение за меѓународна дејност

**Член 8**

Одделението за меѓународна дејност има задача да остварува интензивна

соработка со меѓународни организации и културни институции и е во постојана потрага за креирање нови партнерства и можности за соработка. Изнаоѓањето на долготрајни, доверливи и погодни партнери со кои на билатерална и мултилатерална основа ќе бидат реализирани разновидни проекти во насока на промоцијата и развојот на поезијата, на културата е стратешка цел на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата", како дел од задачите да се овозможи поголема рецепција и на македонската книжевност и култура, но и на светската во македонскиот културен простор, низ разновидни манифестации, настани, но и преку издавачки проекти, дигитални и други архиви, како и разни резиденцијални престои врз база на размени. Одделението за меѓународна дејност има динамична улога во обезбедување на институционална поддршка во рамките на меѓународната мобилност.

Одделението за меѓународна дејност осмислува, планира и предлага проекти и мерки за соработка на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата"со други други сродни инситуции, национални и интернационални институции, фондации, асоцијации. Одделението е задолжено за реазлизација и имплементација на договрените договори, проекти и други форми на соработка, во координација со другите одделенија на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата" или други партнери, институции и сл. од Република Северна Македонија и светот.

## IV.Одделение за сценско-техничка реализација

### Член 9

Одделението за сценско-техничка реализација ги врши следните задачи:

- Осмислување, изготвување, предлагање и подготвување сценско-технички планови за работата и предлози сценско-технички проекти за планираната уметничка програма.
- Организација и реализација на работите поврзани со планираната уметничка програма на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата", на одделни настани и сите други културни активности на институцијата.
- Уредување на сценските простори: изработка и монтажа на сценографија, бина, кулиси и изработка на други планирани објекти, предмети и сл. согласно плановите и проектите, средување на гледалиштата од сценските простори пред и за време на одржувањето на фестивалот и за потребите на другите планирани настани и активности.
- Се грижи и ракува со дел од опремата и техничките средства за време на одржувањето на настаните и потоа, во монтажа и демонтажа на поставената сценографија и друга техника и опрема и се грижи за складирање и чување на опремата, техниката и материјалите.
- Врши превоз (транспорт) на опремата, техничките средства и сите други потребни објекти, предмети, материјали итн. за уредување на сцената, гледалиштата и околниот простор.
- Врши работи поврзани со организацијата на фестивалот и планираните активности во делот на обезбедувањето на превозот и сместувањето на гостите-учесници на манифестациите и ангажираните лица и ги координира подготвителните активностите поврзани со приредбите.
- Се грижи за доследна реализација на договорените услуги од ангажираните добавувачи, фирми, поединци итн. обезбедува адекватни услови за нивно непречено работење и ги координира активности со други добавувачи и се грижи за видливоста на банерите, рекламите и другите договорени рекламни простори и објекти согласно преземените обрски со договорите.
- Оддржување на хигиена на работни простории и сцени.

### Член 10

Работите и работните задачи во организационите единици се групирани според делокругот на работа, врз основа на Законот за културата, Законот за вработените во

јавниот сектор и Законот за административните службеници.

Вработените се должни да ги вршат работите и работните задачи законито, совесно, стручно, ефикасно и економично во согласност со Уставот и законите во границите на добиените налози и упатства за работа.

**Член 11**

Работата во НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата" се организира на начин со кој се обезбедува особено:

-остварување на функцијата на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата" утврдена со Статутот,

- законито, навремено, ефикасно, рационално и стручно извршување на работните задачи,
- лична и колективна одговорност за вршењето на доверените работи,
- тимска работа,
- правилно распоредување на работите и соодветно вреднување на резултатите,
- контрола на извршувањето на работните задачи,
- стручно усовршување и развивање на уметничките, стручните и другите работни способности на вработените,
- примена на современи методи и средства за работа,
- остварување на меѓусебна соработка на вработените и
- соработка со други органи и организации во Република Северна Македонија и во странство.

**Член 12**

За извршување на одделните работи од работните места каде што има потреба од уметнички и стручни лица од различни профили, може да се ангажираат стручни и компетентни лица надвор од вработените во НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата", а може да се формираат и постојани или повремени комисии, работни групи или други работни тела со надворешни соработници по одделни проекти.

Комисиите, работните групи и другите работни тела од став 1 на овој член ги формира директорот на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата" Струга, со одлука во која го определува составот, делокругот, рокот за завршување на проектот, односно работата за која се ангажирани, надоместокот и други релевантни прашања за успешно завршување на проектот.

## IV. НАЧИНИ ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ

**Член 13**

Со националната установа раководи директорот, во случај на отсутност или спреченост на директорот, време додека траат причините за тоа директорот го заменува лице овластено од него.

**Член 14**

Во НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата" Струга раководен орган е директорот.

Директорот на НУМанифестација „Струшки вечери на поезијата" Струга ги врши следните работи:

- Ја води работата на националната установа;
- Ја застапува установата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;
- Донесува годишна програма за работа на националната установа по претходна согласност на Управниот одбор;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- Ја организира реализацијата на Годишната програма

- Донесува акт за систематизација и организација на работните места;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;
- Формира уметнички, односно стручен совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со статутот
- Склучува договор со кој ангажира надворешно лице како уметнички советник согласно закон, во рамките на одобрените средства за работа на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
- Поднесува годишен извештај за работа и финансиското работење на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
- Донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за култура;
- формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност или дисциплински престап;
- Донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;
- Донесува решенија за аудиција и реаудиција согласно закон;
- Одобрува службени патувања во земјата и странство;
- Раководи со организирањето и спроведувањето на подготовките за одбраната;
- Се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
- Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти согласно со закон;
- Обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга од страна на надлежните органи и
- Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Составен дел на овој Правилник е графичкиот приказ на организацијата на установата (Огранограм), даден во прилог.

**Член 16**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга со број 01-300/1 од 14.10.2015 година.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Национална установа Манифестација**

**„Струшки вечери на поезијата“**

Директор

Тодорче Тасевски

Број ________________

__________ 2020 година

Прилог: Графички приказ на внатрешната организација на установата (органограм)

